**20180711347**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Се прогласува Законот за Оперативно - техничка агенција,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2018 година.

Бр. 08-2607/1
12 април 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој закон се уредуваат основањето на Оперативно-техничка агенција (во натамошниот текст: ОТА), надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во ОТА, стручниот надзор и финансирањето на ОТА.

### II. НАДЛЕЖНОСТИ

Член 2

(1) ОТА се основа како самостоен и независен државен орган кој обезбедува техничка поврзаност помеѓу операторите и овластените органи.

(2) ОТА дејствува како посреднички орган кој воспоставува технички премин помеѓу операторот и овластените органи, без можности за активирање или спроведување на снимањето на следените комуникации. ОТА не поседува техничка можност за пристап до содржината на следената комуникација.

(3) Техничката поврзаност од ставот (1) на овој член, се обезбедува исклучиво врз основа на судска наредба заради спроведување на следењето на комуникациите во согласност со Законот за следење на комуникациите.

(4) Заради вршење на надлежноста од ставовите (1) и (2) на овој член, на ОТА ѝ се обезбедуваат медијациски уреди за следење на комуникациите.

Член 3

(1) За вршење на надлежноста од членот 2 од овој закон, ОТА активира и создава технички услови за следење на комуникации за:

а. кривични истраги и

б. заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата.

(2) За да се создадат техничките услови од ставот (1) на овој член, ОТА:

а. овозможува техничко поврзување меѓу операторите и медијацискиот уред (LEIMD) сместен во ОТА;

б. овозможува техничка поврзаност помеѓу техничките уреди (LEIMD и LEMF) сместени во ОТА;

в. овозможува техничка поврзаност помеѓу техничкиот уред (LEMF) сместен во ОТА и работните станици што се користат за спроведување на следење на комуникации сместени во просториите на овластените органи.

(3) До меморискиот простор на техничкиот уред (LEMF) може да се пристапи само со посредство на работните станици во овластените органи. Содржината на следената комуникација во техничкиот уред (LEMF) автоматски се криптира.

(4) ОТА овозможува одржување на техничките уреди сместени во ОТА, како и воспоставување мерки и процеси за избегнување на внатрешни и надворешни компјутерски упади и хакирање, како и секаква злоупотреба од страна на вработените во ОТА.

(5) ОТА врши стручен надзор над работата на операторите.

(6) Начинот на вршење на работите од ставот (2) на овој член, го пропишува директорот на ОТА (во натамошниот текст: директорот).

## III. РАКОВОДЕЊЕ

Член 4

(1) Со ОТА раководи директор.

(2) Директорот го избира и разрешува Собранието на Република Македонија, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(3) За избор на директор се објавува јавен оглас во најмалку два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Мандатот на директорот изнесува пет години, без право на повторен избор.

Член 5

За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно VII/1 степен на образование во следните области: информатика, електротехника, компјутерска техника и информатика, телекомуникационо инженерство, безбедност, компјутерска безбедност, правни или економски науки;

3) да има минимум десет години работно искуство по завршување на образованието во областите предвидени во точката 2) на овој член.

Член 6

(1) Директорот:

- ја претставува ОТА,
- организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите во ОТА,
- донесува прописи за кои е овластен во согласност со закон и
- врши други работи од надлежност на ОТА во согласност со закон.

(2) Директорот има статус на овластено службено лице согласно со одредбите од овој закон.

Член 7

(1) Директорот до Собранието на Република Македонија доставува за разгледување годишен извештај за работата на ОТА за претходната календарска година најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

(2) По потреба и по барање на Собранието на Република Македонија, директорот доставува дополнителни извештаи.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член, задолжително содржи податоци за:

- бројот на активирани комуникации за потребите на овластените органи,
- бројот на активирани комуникации за секој овластен орган одделно. Во овој број не се наведува бројот на активираните комуникации за потребите на безбедноста и одбраната,
- состојбата и констатираните наоди при извршените стручни надзори од страна на ОТА над работата на операторите,
- бројот на спроведени дисциплински постапки за работници во ОТА,
- финансиското работење на ОТА.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член, задолжително се објавува на видливо место на Интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

Член 8

(1) Функцијата директор се врши професионално и е неспоива со извршување на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

(2) Директорот не смее да учествува во политички активности и настани кои согласно со видот и карактерот би овозможиле негово политичко експонирање (собири, митинзи, јавни дебати).

Член 9

(1) Функцијата на директорот пред истекот на мандатот престанува по следните основи:

- на негово барање,
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата,
- ако ги исполнил условите за старосна пензија согласно со закон,
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело кое го прави недостоен за вршење на функцијата.

(2) Основи за разрешување на директорот пред истекот на мандатот се:

- ако во извештаите што надзорните и контролните тела согласно со Законот за следење на комуникациите ги доставуваат до Собранието на Република Македонија, биде констатирано незаконито извршување на работите во надлежност на ОТА,
- ако попречува контрола и надзор на надлежните органи наведени во Законот за следење на комуникациите,
- ако не постапи согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата,

- злоупотреба на службената положба и овластување,
- прекршување на безбедноста на класифицираните информации,
- злоупотреба на лични податоци.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ ОД РАБОТЕН ОДНОС

### 1. Засновање на работен однос

Член 10

Правата и обврските од работниот однос, работниците во ОТА ги остваруваат согласно со одредбите од овој закон, прописите од обласга на работните односи и колективен договор.

Член 11

(1) Во ОТА работниците имаат статус на:

- овластени службени лица, согласно со овој закон и
- работници согласно со Законот за работните односи.

(2) На работниците со статус на овластени службени лица, ОТА им издава посебна службена легитимација.

(3) Формата и изгледот на службената легитимација од ставот (2) на овој член, како начинот на нејзиното издавање го пропишува директорот.

Член 12

(1) Работниците од членот 11 алинеја 1 од овој закон, имаат посебни должности и овластувања утврдени со овој закон, поради високиот степен на доверливост, видот и сложеноста на работата.

(2) Со актот за систематизација на работните места во ОТА се определуваат работните места со посебни должности и овластувања.

Член 13

Работните места на работниците од членот 11 од овој закон, се групираат на следниот начин:

1. Група I – раководни работници:
- државен советник,
- раководител на сектор,
- раководител на одделение.

2. Група II – стручни работници:
- главен советник,
- самостоен советник,
- виш советник,
- помлад советник.

3. Група III- оперативно-технички работници:
- главен оперативен работник,
- самостоен оперативен работник,
- виш оперативен работник и
- помлад оперативен работник.

Член 14

Директорот ги донесува актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во ОТА.

Член 15

На овластените службени лица во ОТА стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и тоа секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

Член 16

(1) Работен однос на овластени службени лица во ОТА може да заснова лице кое ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетно,
- да е здравствено и психофизички способно,
- да има завршено најмалку четиригодишно средно образование,
- со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето и
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

(2) Покрај општите услови за засновање на работен однос од ставот (1) на овој член, со актот за систематизација на работните места во ОТА, можат да се утврдат и други посебни услови.

Член 17

(1) На барање на директорот или лице определено од него, се врши безбедносна проверка на лице пред засновање на работен однос во ОТА заради утврдување на безбедносен ризик согласно со закон.

(2) Безбедносната проверка од ставот (1) на овој член, се врши врз основа на претходна писмена согласност на лицето.

(3) За лицето кое ја одбива безбедносната проверка се смета дека не ги исполнува условите за засновање на работен однос во ОТА.

(4) Безбедносната проверка на лице се врши како безбедносна проверка од втор степен, согласно со прописите од областа на класифицираните информации.

(5) Со безбедносната проверка се добиваат податоци непосредно од лицето на кое тие се однесуваат, од други лица, државни органи, јавни претпријатија, установи и други правни лица, согласно со закон.

(6) Органите надлежни за безбедносна проверка се обврзани да ја завршат постапката за проверка и соодветно да го известат директорот во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето наведено во ставот (1) на овој член.

Член 18

Работен однос во ОТА се заснова врз основа на јавен оглас, под услови утврдени со овој закон и прописите од областа на работните односи.

Член 19

(1) Јавниот оглас за засновање работен однос во ОТА се објавува на интернет страницата на ОТА, како и во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Во јавниот оглас се назначува работното место и општите и посебните услови за засновање на работен однос.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член, не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните печатени медиуми.

Член 20

(1) По исклучок од членот 18 од овој закон, работен однос без јавен оглас во ОТА може да се заснова за работни места, кои во актот за систематизација на работните места се утврдени со статус - овластени службени лица.

(2) Лицето кое заснова работен однос во ОТА без јавен оглас, задолжително треба да ги исполнува општите и посебните услови утврдени со закон и прописите донесени врз основа на закон.

(3) За секое засновање на работен однос согласно со ставот (1) на овој член, директорот задолжително ја известува Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на засновањето на работниот однос на работникот.

## 2. Плата и надоместоци на плата

### 2.1. Плата и компоненти на плата

Член 21

(1) Работник во ОТА има право на плата и надоместок на плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

(2) Платата на работникот му се обезбедува од средствата на ОТА.

(3) Плаќањата од ставот (1) на овој член се остваруваат согласно со одредбите од овој закон и прописите од областа на работните односи.

Член 22

Платата на работник во ОТА се состои од:

- основна плата и
- зголемување за 30% за работниците со статус на овластени службени лица.

Член 23

(1) Основната плата се утврдува врз основа на статусот на работникот утврден во членот 11 од овој закон, односно врз основа на групата во која спаѓа работното место на работникот согласно со членот 13 од овој закон.

(2) Работниците во ОТА со статус на овластени службеници имаат право на основна плата која се разликува зависно од тоа на која од трите групи припаѓа работникот согласно со членот 13 од овој закон.

(3) На овластените службени лица од Група I – раководни работници, се утврдуваат бодови за основна плата во износ од:

- државен советник – 1100 бода,
- раководител на сектор – 1050 бода и
- раководител на одделение – 1000 бода.

(4) На овластените службени лица од Група II – стручни работници, се утврдуваат бодови за основна плата во износ од:

- главен советник – 900 бода,
- самостоен советник – 850 бода,
- виш советник – 800 бода и
- помлад советник – 750 бода.

(5) На овластените службени лица од Група III – оперативно - технички работници, се утврдуваат бодови за основна плата во износ од:
- главен оперативен работник – 650 бода,
- самостоен оперативен работник – 600 бода,
- виш оперативен работник – 550 бода и
- помлад оперативен работник – 500 бода.

(6) Во актот за систематизација на работни места прецизно се утврдува бројот на овластени службени лица и работници согласно со Законот за работните односи, во секоја од групите утврдени во членот 13 од овој закон.

(7) Работното искуство се вреднува во износ од 0,5% од основната плата утврдена за работното место, за секоја започната година стаж на осигурување, а најмногу до 20%.

Член 24

Со оглед на високиот степен на доверливост и видот на работата како и построгиот процес на селекција и со оглед на строгите правила и обврски, овластените службени лица во ОТА добиваат плата повисока за 30% од основната плата на работникот утврдена во членот 23 од овој закон.

Член 25

(1) Вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во ОТА ја утврдува Владата на Република Македонија, во рамките на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија.

(2) Вредноста на бодот од ставот (1) на овој член се коригира, односно усогласува доколку според податоците на Државниот завод за статистика месечниот пораст на трошоците за живот изнесува над 5% во последните три месеци, доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија.

## 2.2 Надоместоци на плата

Член 26

На работник во ОТА му припаѓаат надоместоци на плата за:
- годишен одмор,
- празници утврдени со закон или друг пропис,
- отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство,
- нега на дете,
- обука,
- јавување на покани на други органи до кое е дојдено без вина на работникот и
- во други случаи утврдени со закон и колективен договор.

Член 27

(1) За време на привремена неспособност за работа до седум дена, работник во ОТА има право на надоместок на плата во висина од 70%, до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето - надоместок на плата во висина од 80% и до 30 дена за сите денови - надоместок на плата во висина од 90%.

(2) За професионални заболувања и повреди на работа и за други случаи утврдени со закон, надоместокот на плата се утврдува во висина од 100%.

(3) На работник во ОТА со статус на овластено службено лице само во случаите за време на лична неспособност за работа (болест) или повреда на работа му се исплатува надоместок на плата во висина на платата на работникот утврдена во членот 22 од овој закон.

(4) Основ за пресметување на надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член е основната плата на работникот утврдена во членот 22 од овој закон, исплатена во претходниот месец пред почетокот на отсуството.

Член 28

За сите прашања кои произлегуваат од работниот однос на работниците во ОТА соодветно се применуваат општите прописи од работните односи и колективен договор.

**3. Прекинување на договор за вработување**
**со навршени години пензиски стаж**

Член 29

(1) Договорот за вработување на работник во ОТА со статус на овластено службено лице се прекинува по сила на закон, со навршување на 40 години пензиски стаж, без оглед на неговите години на возраст.

(2) Работникот од ставот (1) на овој член остварува право на старосна пензија која се утврдува во висина од 80% од просечната месечна нето плата што работникот ја остварил во текот на најповолните десет години од пензиски стаж.

(3) На работникот на кој му е прекинат договорот за вработување согласно со ставот (1) на овој член, му следува еднократен надоместок во вид на отпремнина, во висина од пет просечни месечни нето плати остварени по работник во Република Македонија, објавена до денот на исплатата.

(4) Работникот од ставот (1) на овој член, со писмена изјава до ОТА може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до навршување на 45 години пензиски стаж, без оглед на неговите години на возраст.

(5) Писмената изјава од ставот (4) на овој член, работникот ја дава најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување од ставот (4) на овој член, а за секое натамошно продолжување на договорот за вработување од ставот (4) на овој член, изјавата ја дава еднаш годишно, а најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување за наредната година.

(6) ОТА е должна по дадената изјава од ставот (4) на овој член, да го продолжи договорот за вработување најмногу до навршување на 45 години пензиски стаж на работникот, без оглед на неговите години на возраст.

(7) Старосната пензија од ставот (1) на овој член се утврдува во висина од 80% од просечната месечна нето плата што работникот ја остварил во текот на најповолните десет години од пензиски стаж.

**4. Прекинување на договор за вработување**

Член 30

Договорот за вработување на работник во ОТА се прекинува:

- заради злоупотреба на лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци,
- ако работникот не постапи во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата.

**5. Доверливост**

Член 31

Директорот и работниците во ОТА се должни да ги чуваат како тајна податоците до кои дошле во својата работа, не само за време на мандатот, односно вработувањето во ОТА, туку и пет години по неговото завршување, односно престанување на вработување, што особено се однесува на лични податоци или класифицирани информации во согласност со закон.

V. СТРУЧЕН НАДЗОР

Член 32

(1) За вршење на стручен надзор над работата на операторите, директорот од редот на работниците во ОТА формира Комисија за стручен надзор (во натамошниот текст: Комисијата) составена од претседател и двајца членови.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, врши надзор над употребата на техничката опрема и електронските комуникациски водови кои служат за поврзување на ОТА и операторот.

(3) По извршениот надзор, Комисијата изготвува Извештај за работата на операторот во кој се содржани укажувања за работата на операторот во однос на состојбата и употребата на техничката опрема и електронските комуникациски водови кои служат за поврзување на ОТА и операторот.

(4) Комисијата го доставува Извештајот од ставот (3) на овој член до операторот во рок од три дена по спроведувањето на надзорот.

(5) Извештајот од ставот (3) на овој член, се доставува до Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Македонија, до Владата на Република Македонија и до Агенцијата за електронски комуникации, за информирање.

(6) Операторот е должен без одлагање да постапи по наодите и укажувањата на Комисијата изнесени во Извештајот.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 33

Средствата за плата, надоместоци и додатоци на плата, за работа, унапредување, модернизација и опремување на ОТА, како и за стимулирање на работниците во ОТА, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

(1) Постапката за избор на директор ќе започне во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во ОТА, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на избор на директорот.

(3) Постапката за вработување на персонал во ОТА започнува во рок од седум дена од денот на избор на директорот.

(4) Подзаконските прописи предвидени согласно со одредбите од овој закон, ќе се донесат во рок 90 дена од денот на изборот на директорот.

Член 35

(1) Со цел основање и воспоставување на ОТА, Владата на Република Македонија обезбедува движен и недвижен имот и осигурува дека техничките уреди (LEIMD и LEMF) за следење на комуникации, како и техничката документација се пренесуваат од Министерството за внатрешни работи – Управа за безбедност и контраразузнавање во ОТА до денот на започнување на примената на овој закон.

(2) Медијациските уреди за следење на комуникациите кои се во сопственост на операторите, а кои ги користи Министерството за внатрешни работи – Управа за безбедност и контраразузнавање, се пренесуваат во ОТА до денот на започнување на примената на овој закон.

(3) Во функција на ефективно започнување и овозможување на следење на комуникациите, новооснованата ОТА може да преземе работници од Министерството за внатрешни работи – Управа за безбедност и контраразузнавање со нивна согласност на работни места кои одговараат на нивната стручна подготовка, односно квалификации.

(4) Работниците кои се преземаат во ОТА согласно со ставот (3) на овој член, се лица кои имаат искуство во ракување со техничките уреди за целите на следење на комуникации и нивниот број не може да изнесува повеќе од седум.

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбата на членот 3 од овој закон која ќе започне да се применува најдоцна до 1 ноември 2018 година.